СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1650/2021
Дата 17. 11. 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Велес, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на траса за воздушен 10 (20) kv вод за напојување со електрична енергија на манастирот Свети Јован Крстител во КО Ветерско, Општина Велес.**

Должината на трасата согласно Предлог Планската програма изнесува 1,4 km и нејзината местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y25021** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на траса за воздушен 10 (20) kv вод за напојување со електрична енергија на манастирот Свети Јован Крстител во КО Ветерско, Општина Велес, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на РМ, на просторот кој е предмет на разработка навлегува во природно наследство "Таорска Клисура".


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на траса за воздушен 10 (20) kv вод за напојување со електрична енергија на манастирот Свети Јован Крстител во КО Ветерско, Општина Велес, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Велес, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), со постапка бр. 38056 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот **за изградба на траса за воздушен 10 (20) kv вод за напојување со електрична енергија на манастирот Свети Јован Крстител во КО Ветерско, Општина Велес.** Должината на трасата е околу 1,4 km.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на траса за воздушен 10 (20) kv вод за напојување со електрична енергија на манастирот Свети Јован Крстител во КО Ветерско, Општина Велес, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1650/2021 од 04.11.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изградба на траса за воздушен 10 (20) kv вод за напојување со електрична енергија на манастирот Свети Јован Крстител во КО Ветерско, Општина Велес, и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на**


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

просторот за изградба на траса за воздушен 10 (20) kv вод за напојување со електрична енергија на манастирот Свети Јован Крстител во КО Ветерско, Општина Велес, и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk